ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор - општински инспекторат
Одделение за градежна - урбанистичка инспекција, патен сообраќај и патишта

ПОКАНА - ЗА ПЛАТЕН НАЛОГ
за наплата на глоба за сторен прекршок за превоз во патниот сообраќај

Врз основа на Законот за прекршоци се определуваат општите услови за пропишување на прекршоците и прекршочните санкции, општите услови за утврдување на прекршочната одговорност, за изрекувањето и извршувањето на прекршочните санкции се пропушува прекршочната постапка што ја водат судовите, односно врз основа овој и друг закон органите на државната управа или организациите и другите органи што вршат јавни овластувања надлежни за изрекување на прекршочни санкции.

Сторителот е должен да ја уплати глобата во рок од осум дена од денот на врачување на платниот налог на **сметка 840 103 05220 приходна шифра 718134 со повикување на број 50** и оригинал од уплатницата да достави на адреса „Булевар 1-ви Мај“ бр. 61 Битола.

ПРАВНА ПОУКА

Доколку правното лице го плати платниот налог во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог, сторителот на прекршокот (физичкото лице, трговец поединец, одговорното лице во правното лице и правното лице) плаќа половина од висината на глобата утврдена во платниот налог што е во висина од 500 Евра.

Доколку платниот налог се плати во рок предвиден од платниот налог сторителот на прекршокот не ги плаќа трошоците во постапката.

Доколку во рок од осум дена од денот на потпишување на платниот налог правното лице не ја плати глобата овластениот инспектор за патен сообраќај против лицето е должен да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до Министерство за транспорт и врски.

Се смета дека сторителот на прекршокот со потписот на приемот на платниот налог се согласува да ја плати глобата.

Сторителот кој со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен веднаш да ја плати глобата. За платената глоба се издава потврда.

Сторителот на прекршокот е должен во рок од три дена од денот на плаќање на глобата да го извести инспекторот.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 349 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk